Ова е архивска страница на која се архивирани содржините до 17.08.2016 година.
Призма има нова страница која е достапна на следната адреса prizma.mk

Tweet Share 0

18. ное. 15.

# Критички настроените гласови „избришани од македонските уметности“

Анета Ристеска | Проект Invisible Art на БИРН

**Македонските уметници кои обработуваат контровезни теми што не наидуваат на одобрување од страна на владата се замолчени преку директна цензура и автоцензура, велат критичарите**




Во „За секое семејство дупло – за доброто на Македонија“, уметникот Ирена Паскали преиспитува зошто граѓаните плаќаат по два пати наместо да се побунат што двојно им се наплаќа од страна на комуналните претпријатија./ Фото: Ирена Паскали, дигитален печат, 240 мм х 440 мм, ко-куратор: Маја Чанкуловска Михајловска

Кога уметникот Ирена Паскали направи билборд постер кој го постави прашањето зошто толку многу Македонци избраа да плаќаат два пати за комуналии наместо да приговорат што двојно им е наплатено, таа не ја доби реакцијата која ја очекуваше.

Нејзиниот билборд требаше да биде дел од изложбата Уметност на билборд 2: Прокрастинација, во 2014, организиран од страна на Институтот за уметност и култура (Арс акта) и реализиран на улиците на Скопје.

На изненадување на Паскали, организаторите на изложбата не можеа да најдат македонска печатница која сака да го испечати билбордот кој таа го нарече: „За секое семејство дупло– за доброто на Македонија“.

„Овој случај беше индикатор дека, доколку уметничкото дело не ги поддржува политиките на владата, постои голема шанса истото да

## Поврзано

Нема поврзани содржини

## Бидете во контакт

Внесете e-mail за неделен информатор

Регистрирајте ме

## Новинари

Вмрежи се! Регистрирај се во базата на новинари, биди дел од професионалната заедница и добиј пристап до најновите настани и публикации од граѓанскиот сектор.

Регистрирај се

Призма
21,721 likes
ИСТРАЖУВАМЕ, НЕ ПРЕПИШУВАМЕ
Liked Contact Us

You and 189 other friends like this

Призма
12 hrs

Ќе се обврзат сите офшор-компании што инвестираат во Македонија да ги соопштат вистинските сопственици



биде цензурирано. Конкретно, моето дело беше отфрлено од изложбата затоа што една од фирмите не сакаше да го испечати, плашејќи се дека ќе бидат казнети од страна на властите или пак ќе влезат во конфликт со нив“, вели таа.

**Македонија и тврдењата за цензура на уметноста**

**2015**: Изложба на цртежи и слики на голи тела беше откажана во јули, во македонскиот главен град на културата Велес, поради загриженост дека делата се несоодветни бидејќи галеријата се користи и како место за одржување на свадби. / **2014**: Билбордот на Ирена Паскали „ За секое семејство дупло – за доброто на Македонија“ беше исклучено од изложбата откако печатниците одбија да го испечатат. / **2013**: Инсталација наречена „ Сета убавина мора да умре“ на Велимир Жерновски, стана предмет на напади, наводно од навредени македонски граѓани. Поставено во центарот на Скопје, на Денот на независноста, делото содржеше серија на тврдења и прашања со розови букви кои го предизвикуваа сексизмот и прашањата на македонскиот идентитет. Жерновски ги опиша нападите, објавени во медиумите, како „пропагандна машина...која работи толку ревносно што се чини дека државата е под воена опасност“. / **2012**: Билбордот на ОПА, кој е сатира на тврдењата дека црковна фреска магично се исчистила самата, беше искинат неколку часа по поставувањето, наводно од страна на религиозни граѓани. Скулптура на митскиот јунак Прометеј од Томе Аџиевски, наречена Жена борец, беше делумно покриена со бронза откако една организација за правата на жените се пожали дека гениталиите на статуата биле премногу видиви. / **2009**: Градските власти на Скопје го избришаа џиновскиот жолт крст нацртан на главниот плоштад од страна на уметникот Игор Тошевски, и покрај тоа што тој претходно добил одобрување од градот за да тоа дело. Крстот се наоѓаше на планираната локација за изградба на нова православна црква и беше интерпретиран како критика за користењето на јавен простор за религиозни цели. / **2008**: Билборд на Атанас Ботев, користен за промоција на неговата изложба која се однесува на жестоко оспоруваните настани поврзани со масовното прогонување на Македонците од Егејска Македонија, беше отстранет. Делото содржеше Грчко знаме кое се претвора во свастика, алудирајќи на нацистичка Германија.



Ирена Паскали, македонска уметница, автор на билбордот „За секое семејство - дупло“






„Голем број на семејства во Македонија добија двојни сметки, не само од водовод туку и од други компании кои имаат монопол врз пазарот. Никаде не споменав било каков протест или револт од страна на граѓаните. Без разлика колку пати ќе им ги испратите [сметките] на некои македонски семејства, тие ќе ги платат и ќе молчат од страв. Дали постои друга држава каде ова е така?“

Паскали работи во македонскиот главен град Скопје и во германскиот град Келн. Тоа, вели таа, ја направи многу свесна за разликите меѓу овие две држави кога станува збор за слободата на говор и справувањето со критики.

Иако македонската влада се впушти во градежна треска во Скопје, вредна повеќе милиони евра, уметничките и културни коментатори велат дека уметниците кои продуцираат дела кои критично ги разгледуваат доминантните општествени норми и политичката средина се ефективно замолчени, или преку директна цензура или автоцензура.

Особено уметничките дела кои го разгледуваат државниот идентитет- жешка тема со оглед на македонскиот спор со Грција во однос на името- дебатираните историски настани, сексуалната ориентација, патријахалните општества, православието, па дури и прашањата

поврзани со политичкото управување, велат критичарите, тивко исчезнаа од јавната уметност во последните години.

Организаторите на изложбата Билборд 2: Прокрастинација велат дека одбивањето да се печати делото на Паскали е еден пример на цензура. Тие исто така нагласуваат дека е малку иронично една печатница да одбие да објави дело кое предупредува на опасностите од безусловната граѓанска послушност и страв, бидејќи, според нив, тие се плашат од властите.

„Директниот пристап во илустрацијата на општествената филозофија за тоа како треба да функционираат нештата предизвика цензура на делото уште во самиот корен, пред воопшто да биде испечатено и испратено на предвидената локација“, вели Игор Сековски, организатор од Арс Акта.

## Јавната уметност- отстранета или изобличена

Во последните неколку години, на други уметници им бил одбиен простор за изложба, додека некои дела дури биле и отстранети или изобличени.

Во 2012, уметничката група ОПА (Опсесивно посесивна агресија) направи билборд, исто така за изложба на Арс акта, кој се исмејуваше со тврдењето дека некоја црковна фреска, наводно, самата се исчистила. Делото беше искинато на парчиња од страна на религиозни граѓани само неколку саати по неговото поставување.

Билборд на Атанас Ботев кој се однесуваше на контроверзниот и жестоко оспоруван егзодус на Македонците од Егејска Македонија – дел од денешната грчка територија- по распадот на Отоманската империја, беше отсранет во 2008.

Семејството на Ботев било приморано да ја напушти Егејска Македонија и, во едно намерно провокативно дело, осмислено да предизвика јавна дебата во врска со темата која често се става под тепих, тој го претставува грчкото знаме претворено во свастика. Македонските градски власти го тргнаа билбордот.

Во поново време, изложба на слики и уметнички дела кои прикажуваат голи тела беше забранета во централниот македонски град Велес во јули годинава, откога галеријата одлучи дека темата е несоодветна бидејќи просторот исто така служи како популарно место за одржување свадби.

Толкава контроверзност поради голотија зачуди многумина , особено поради тоа што Велес е прогласен за македонски главен град на културата за 2015 година.

Во прилог на наводната директна цензура, критичарите велат дека многу уметници едноставно се самоцензурираат за да можат да продолжатда работат како уметници и да можат да ги користат владините грантови за уметност и култура кои, тие тврдат, преферираат дела кои некритично ја слават македонската историја и привлекуваат туристи.




**Where is the Little Kitten by Radmila Omcevska, Boris Semov and Igor Sekovski**

Властите категорично ги отфрлаат обвинувањата за цензура, при што владата наведува дека овие критики се резултат на лажните тврдења на опозициските партии кои се обидуваат да го поткопаат нивниот кредибилитет.

Кога беа прашани за наводната цензура на билбордот на Паскали, Министерството за култура на Република Македонија ја даде следната изјава: „ Обвинувањата за цензура ги сметаме за несериозни, тенденциозни и неосновани.Ова е очаен обид на опозицијата за дефокусирање на јавноста од успешната имплементација на Националната стратегија за развој на културата“.

Во изјавата на министерството исто така се вели дека опозициските партии покажале „индиферентен став кон културата“ со тоа што не успеале да „реализираат било каков значаен културен проект“ за време на нивниот мандат.

Во писмениот одговор на прашањата на БИРН за тоа како се распределуваат средствата, Министерството тврди дека ги почитува законите и принципите на транспарентност во доделувањето грантови.

„Сметаме дека во последниве години...вратите се отворени за секој уметник без разлика на политичката или било каква друга припадност“, вели Министерството, потенцирајќи дека годишните програми поддржуваат проекти од национален интерес и дека извештајот за финансирање се објавува секоја година.

„Овој документ, кој јавно и транспарентно се објавува секоја година, е аргумент во насока на тоа дека не постои дискриминација или омилени проекти и уметници, а уште помалку цензура. Многу уметници кои се жестоки критичари на владата се дел од оваа програма, дел од театрите и програмите на други институции. Министерството за култура ги поддржува проектите согласно критериумите за квалитет, а не според партиската или било каква друга поврзаност“, заклучува Министерството.

Сепак, многумина од уметничката сцена не се убедени во тоа.



Zernovski-6

## „Политичка контрола“ на македонската култура


Историчарот на уметност Златко Теодосиевски

Златко Теодосијевски, историчар на уметност кој работи во Националната галерија на Македонија, вели дека, иако фреската на ОПА и билбордот на Паскали покажуваат колку е сериозна заканата за цензура, најзагрижувачки е начинот на кој се врши избор на уметниците кои добиваат државни грантови.

„Доколку детално ги разгледате годишните програми за финансирање на култура од јавен интерес, секоја година можете да ги забележите имињата на истите партиски членови или следбеници, додека не можете да најдете ни едно од независната културна сцена или некое од оние кои се блиски на опозицијата“, вели тој.

Теодосијевски на ова гледа како целосна „партиска контрола“ на македонската култура и тврди дека има црни листи со имиња на личности кои не смеат да се појават на ниеден официјален културен настан или проект кој е финансиран од страна на Министерството за култура.

„Единствено во изминатите една или две години, и после значителен притисок од јавноста, на режисерите како Слободан Унковски и Александар Поповски им беше дадена можност да постават театарски претстави во македонски театри. А тоа беа нискобуџетни продукции“, вели тој.

Резултатот на овие притисоци, вели Теодосијевски, е пад на критичката уметност која сериозно ги преиспитува и им пркоси на актуелните општествени норми. Тој е исто така загрижен дека граѓаните генерално сè помалку имаат желба да ги изразат своите мислења во една таква средина.

„Доколку не беа некои ретки независни уметници како Филип Јовановски, Велимир Жерновски, Ѓорѓе Јовановиќ или Корпорацијата, македонската уметност би можела да биде идентификувана со некој буржоазиски салон или провинциска квази-уметност која никого не допира“, вели тој, потенцирајќи го владиниот проект Скопје 2014 како пример за кич кој ниеден совесен и социјално освестен уметник не би го создал.

Додека Теодосијевски тврди дека различни уметнички здруженија во Македонија би можеле да направат повеќе за да ја подигнат свеста за ова прашање, други тврдат дека критички настроените уметници се предмет на сериозен притисок и негативна пропаганда која може да ги одврати дури и најрешителните креативци.

Културниот теоретичар и писател Роберт Алаѓозовски вели дека, додека некои посебно детерминирани уметници повремено успеваат да создадат дела кои го заобиколуваат вниманието на цензорите, останатите се самоцензурираат.

Според него, многу уметници кои некогаш биле сериозно социјално активни сега се прилагодиле на „новите правила“ и почнале да создаваат помалку критични дела кои се вклопуваат во рамките на владината стратегија за култура.



Теоретичарот на култура Роберт Алаѓозовски

## „Авто-цензура или изгуби го финансирањето“



Алаѓозовски објаснува дека постои широк спектар на уметнички теми кои не се добредојдени, како, на пример, владата и нејзините политики, родовата еднаквост , хомосексуалноста и трансродовите теми. Тој вели дека дека политичкото раководство најчесто ги финансира уметниците чија работа ја поддржува верзијата за македонската историја и идентитет која владата ја преферира.

„Една од чувствителните теми е исто така прашањето со идентитетот...доколку тоа не е во хармонија со ревизионистичката политика на владата“, вели тој, проценувајќи дека половина од македонските уметници произведуваат дела кои ѝ одговараат на владата.

„Сегашната влада бара уметноста да биде церемонијална, воздигнувачка, да ја слави историјата, да привлекува туристи, да пројавува интерес за потеклото, да биде заљубена самата во себе, нарцисоидна и мегаломанска“, вели тој, осудувајќи ги уметниците кои го напуштиле својот критички став и станале лојални на властите.

Тој верува дека постои широк спектар на алтернативни спонзори и донатори кои би ги поддржале независните уметници.

Небојша Вилиќ, професор по историја на уметност на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, го потврдува притисокот врз критично настроените и социјално-ангажирани уметници, но зема малку попозитивен став.

„За еден вистински уметник не може да постојат стравови и притисоци. Уметникот е

имун на нив, ако тие воопшто допираат до него. Сметам дека притисоците и стравовите можат да претставуваат дополнителна причина за креирање“, вели тој, додавајќи дека „нездравата цензура“ нема да успее и ќе резултира со инспирирање на сè повеќе уметници да создаваат одлични дела.



Професорот по историја на уметност Небојша Вилиќ

Најверојатно и Паскали би се согласила со тоа, со оглед на тоа дека таа останува детерминирана да создава дела кои ја предизвикуваат статус-кво ситуацијата и ја поттикнува нејзината публика да ги преиспита најважните и најтешки економски, политички и социјални прашања со кои се соочуваат Македонците денес.




Споредувајќи ја ситуацијата во Македонија со Германија, каде што таа смета дека постои зголемена свест за опасностите од безусловната граѓанска послушност и молчење поради страв, Паскали вели дека критички настроената уметност е од витално значење за развојот на општеството.

На Македонците, вели таа, им треба критички настроена современа уметност со цел да почнат да поставуваат повеќе прашања и да станат поактивни бидејќи „низ историјата нашиот менталитет никогаш не се променил“.

*Сторијата е дел од проектот на БИРН Invisible Art, поддржан од Prince Claus Fund*

Tweet

Share 0